**20180210289**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.

Бр. 08-756/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и 163/17), насловот на главата VII. се менува и гласи: „ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ“.

Член 2

Во член 84 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст од ставот (1) на овој член може да се врши во домот на родителите на детето, во домот на физичкото лице или во друг соодветен станбен/деловен простор кој ги исполнува условите согласно со овој закон.“.

Член 3

Во членовите 85 и 86 зборовите: „во сопствениот дом“ се бришат.

Член 4

Во членот 87 став (1) алинејата 6 се менува и гласи:

„- ако детето се згрижува во домот на физичкото лице или во друг соодветен станбен/деловен простор кој ги исполнува условите согласно со овој закон, просторијата каде што ќе престојува детето согласно со членовите 85 и 86 од овој закон, треба да има

површина од најмалку 15 м2, а просториите во кои ќе се одвиваат активностите со децата треба да се функционално поврзани и одвоени од просториите кои ги користи семејството.“.

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Две физички лица, можат да го организираат своето работење во заеднички простории со површина од најмалку 30 м2 заради заедничко покривање на трошоците. Секое од нив ќе ја врши дејноста одвоено и на своја одговорност, без едното да одговара за постапките на другиот.

(4) Физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност, може да ангажира и волонтер согласно со закон, кој доколку волонтира во делот на одредени работи од дејноста згрижување и воспитание, треба да поседува и соодветна лиценца за негувател и да го извести писмено Министерството за труд и социјална политика за неговото ангажирање со прилог договор за волонтирање.“.

Во ставот (3) кој станува став (5) зборот „работа“ се заменува со зборот „негувател“.

Ставот (4) станува став (6).

Член 5

Во членот 89 став (1) по зборот „видот“ се става запирка и се додаваат зборовите: „надоместок за извршената услуга“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Физичкото лице од членот 84 од овој закон, одредените работи може да ги врши само како единствена дејност.“.

Член 6

Во членот 90 став (1) во алинејата 2 по зборот „престанок“ се додаваат зборовите: „за вршење на одредени работи од дејноста“.

Во став (2) во алинејата 4 по зборот „лично“ се додаваат зборовите: „или од страна на ангажиран волонтер од член 87 став (4) од овој закон“.

Член 7

По членот 90 се додава нов член 90-а, кој гласи:

„Член 90-а

Физичкото лице одговара за настанатата штета која ќе ја причини лично, како и за штетата причинета од ангажираниот волонтер, во согласност со закон.“.

Член 8

Во членот 120 ставови (2) и (3) зборовите: „има положено психолошки тест и тест за интегритет“ се заменуваат со зборовите: „односно АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“.

Член 9

Во членот 177 став (1), членот 177-а став (1), членот 179 и членот 182 зборовите: „во сопствениот дом и во домот на родителите на детето“ се бришат.

Член 10

Во членот 206 став (1) алинејата 8 се менува и гласи:

„- поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и“.

Алинејата 9 се брише.

Член 11

Во членот 228 став (4) по алинејата 2 се додаваат две нови алинеи, кои гласат:

„- започне со работа и врши дејност, а не ги исполнува утврдените услови, односно ако врши дејност без решение на надлежен орган (член 87),

- не овозможи вршење на надзор (член 212 став (5))“.

Член 12

Во членот 229-а став (2) зборовите: „во сопствениот дом“ се бришат.

Член 13

Одредбите од членот 120 ставови (2) и (3) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и 163/17), и одредбите од членот 8 од овој закон, кои се однесуваат на условот за поседување меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 14

Директорот кој е избран, односно именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговиот избор, односно именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 15

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на децата.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.